Архивски број: 08-704 / 4
31-12-2025 година

31-12-2025 Постапувајќи по претставката бр.08-704/1 од 30.09.2025 година, поднесена од ----------, против ресторанот ----------, за сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, социјално потекло врз ----------, од Скопје од страна на вработените во ресторанот ----------, „ во областа на пристап до добра и услуги.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 30.09.2025 година лицето ----------, од Скопје поднесе претставка бр. 08-704/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) за сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги.

Наводите во претставките се однесуваат за настан кој се случил на 22.09.2025 година, околу 19.00 часот, кога подносителката во придружба на нејзината сестра се упатиле кон ресторанот ----------, Скопје, кој се наоѓа пред општината ----------, На влезот во ресторанот, една од келнерките ги прашала за што се дојдени и кога побарале маса за две лица, веднаш без размислување и без разгледување на просторот одговорила дека „се преполни", и дека нема место за нив, иако внатре имало празни места. Подносителката наведува дека тие се Ромки, таа живее во Шуто Оризари, а нејзината сестра во Чаир, нивната кожа е потемна и смета дека тоа е причина за односот на келнерката, со оглед дека во ресторанот немало други Роми или лица со потемна боја на кожата. Откако по налог на келнерката морале да го напуштат ресторанот, по кратко време, други две девојки со посветла кожа влегле во ресторанот,

а келнерката не направила проблем. Откако нејзината сестра ја информирала дека ова и се случило неколку пати, се јавиле на телефонот на ресторанот и побарале дали има слободна маса за две лица при што и било одговорено дека има место и можат да дојдат. На јавно достапните канали на ресторанот немало информација дека работат само со резервација поради што смета дека влезот во ресторанот зависи од социјалното потекло или етничка припадност. Подносителката смета дека ваквиот однос е неправеден и е директна повреда на нивното достоинство и претставува вид на дискриминација. Според наводите во претставката на ваков начин се повредени и одредбите на Уставот и Законот за заштита од дискриминација.

Комисијата со барање бр.08-704 /2 од 06.10.2025 година ја достави претставката и побара изјаснување од ресторанот ----------, „ .

Во доставениот одговор бр. 08-704/3 од 21.10.2025 година, од страна на Друштво за угостителски услуги ----------, „ се отфрлаат наводите за дискриминација по било која основа. Ова од причина што ресторанот ----------, „ претставувал пример за мултиетничка и мултикултурна средина, во која заедно работат и секојдневно се услужуваат гости од различни националности, етнички групи, религии и дека меѓу посетителите постои култура на почитување, еднаков третман и пријателски однос без предрасуди. Во однос на конкретниот случај, се објаснува дека на подносителката ----------, љубезно и било објаснето дека на терасата во тој момент нема слободни места, бидејќи сите биле зафатени и претходно резервирани, но дека има слободни места во внатрешниот дел на ресторанот, што и било истакнато и при телефонскиот разговор. Ваквата одлука не била мотивирана од лични, етнички, расни, родови или други дискриминаторски причини, туку едноставно од објективни оперативни околности поврзани со достапноста на масите во моментот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти

што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката, наводите во изјаснувањето на ресторанот ----------, и дополнително добиените сознанија утврди дека врз подносителката не е сторена директна дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Согласно наведеното, Комисијата не утврди постоење на релевантен дискриминаторски основ. Дотолку што подносителката во претставката не го сторува веројатно тврдењето дека е дискриминирана поради наведените основи, при што не се добија сознанија ниту се утврдија факти кои упатуваат на дискриминаторско постапување на вработените во ресторанот поради етничко или социјално потекло.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ

*Доставено до:*

1. ----------,
2. ----------,
3. *Архива на Комисијата*